# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 13 Ноември 2018 година<br>Службен гласник број 16<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|
| *Адреса: „Прилепски бранители “ бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk* | | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ’’-ПРИЛЕП, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2018-2020 ГОДИНА, НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ’’-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за прочистување на отпадни води на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп, за регулиран период 2018-2020 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 4053/1
13.11.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) а во врска со член 24 став 1 алинеа 11 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.07-2016) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за прочистување на отпадни води на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп, за регулиран период 2018-2020 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп**

член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цени за прочистување на отпадни води на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп, за регулиран период 2018-2020 година, бр.02-208/2 од 29.06.2018 година на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп.

член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за прочистување на отпадни води на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп, за регулиран период 2018-2020 година, бр.02-39/4 од 24.01.2018 година на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, бр.09-797/2 од 27.02.2018 година.

член 3

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 4

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број 09-4051/2<br>13.11.2018 година<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Совет на Општина Прилеп<br>Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ’’-ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2018 ГОДИНА ДО 30.09.2018 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп за период од 01.07.2018 година до 30.09.2018 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 4053/2<br>13.11.2018 година<br>П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15И 39/16) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 13.11.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп за период од 01.07.2018 година до 30.09.2018 година**

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп за период од 01.07.2018 година до 30.09.2018 година, бр.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број 09-4051/3<br>13.11.2018 година<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Совет на Општина Прилеп<br>Миле Талевски

***СОДРЖИНА***
***на Службен гласник на Општина Прилеп број 16 од 13.11.2018 година***

1. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за прочистување на отпадни води на ЈКП ,,Водовод и канализација ''-Прилеп, за регулиран период 2018-2020 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација ''-Прилеп.........................................................стр.1
2. Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација ''-Прилеп за период од 01.07.2018 година до 30.09.2018 година.......................................................................................................................стр.2

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци